

*ДДОЛАПИ СО БОИ, масло на платно, 100x81 2014*

## - ИМПРЕСИИ -

# МАРИЈА ВЕЛИЧКОВСКА



МАРИЈА ВЕЛИЧКОВСКА

е родена 1974 во Скопје. Средно уметничко училиште завршила во Скопје, отсек Применето сликарство. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје,бо класата на проф. Родољуб Анастасов, со насока - Дипломиран сликар со модно креирање

ИЗЛОЖБИ:

1994 - Скопје, Сули-Ан - Изложба на студенти на Ф.Л.У.
1995 - Неготино, Музеј на град Неготино-слики од колонијата Демир Капија
1995 - Тетово, Музичко училиште-Изложба на студенти на Ф.Л.У.
1996 - Скопје - Сули-Ан Фондација од семејството на проф. Борко Лазески
1998 - 2003, Куманово - ДЛУК
2003 - Прва самостојна изложба во Струмица, Работнички универзитет "Јоска Свештарот"
2003 - Втора самостојна изложба во Штип, Уметничка галерија Безистен
2005 - Уметничка колонија - Струга
2006 - Изложба од колонијата во Струга,
Работнички универзитет - Скопје
2003 - 2013, Куманово - ДЛУК
2011 - Трета самостојна изложба во Куманово,
НУ Центар за Култура "Трајко Прокопиев"
2012 - Четврта самостојна изложба во Кочани
НУ Центар за Култура "Бели Мугри"
2012 - Петта самостојна изложба во Кратово
Музеј на град Кратово
2012 - учество на биенална изложба на цртежи "Скици 2012"
2014 - Биенална изложба на цртежи "Скици 2014"
2014 - 2015, Куманово - ДЛУК



МЕТА МУСАНДРА, масло на платно, 100x72, 2014



ДЕЛФИН НА КОПНЕЖОТ, масло на платно, 81x91, 2014



ИКАР, масло на платно, 81x91, 2014



*ВИТРИНА СО МИСТИЧНА ПРИРОДА,*
*масло на платно, 70x80, 2013*



АКВАМАРИН ВО ЧАША, масло на платно, 70x80, 2013



ЛИТУРГИЈА ВО СИНО, масло на платно, 100x81, 2014



ГЕНЕРИЧКА ВИТРИНА, масло на платно, 81x91, 2014



РАСПЕТИЕ, масло на платно, 63x74, 2012

*Разгледувајќи ги најновите дела од циклусот "Импресии" (со поднаслов "Метафизички долапи – импресии") на сликарката Марија Величковска, со задоволство можеме да констатираме едно продолжување на претходно најавените и реализирани, преку изложбата "Имагинации" (2011), ликовни идеи коишто соодветствуваат со основната потреба на секој уметник – создавање на свој иманентен ликовен израз. Во таа смисла, тогаш констатиравме дека понудените решенија наговестуваат широка рамка на дејствување и дека движењето може да оди во повеќе насоки па оттука и сугестијата за фокусирање или концентрација на ликовните елементи во една конципирана и меѓусебно поврзана сликарска приказна се јави како една логична последица на претходно остваренотo. Она што го карактеризира најновото творештво на Марија Величковска е со сигурност квадратната симбиоза, интенцијата ликовното платно да се парцијализира на квадратни сегменти, мали излози коишто формираат композиција на принципот: слики во слика. Или попрецизно кажано со јазикот на авторката – витрини во коишто престојуваат нејзините интимни доживувања, перцепции и искуства материјализирани на сликарското платно во сета своја раскош на богати со интензитет, колористички експресивно - асоцијативни волумени и елементи изведени со силни потези на четката, разбранувани и ослободени од потребата да претставуваат нешто повеќе од слободно интерпретиранатa сликарска потреба за автентично изразување. Апстрактно - асоцијативните композиции во квадратни рамки, коишто не секогаш се прецизно дефинирани оставајќи простор на гледачот да ги поврзе во своето око како една целина, добиваат смисла во содејство со насловите дадени од авторката и коишто, пак, претставуваат водилка за дешифрирањето на комплексниот ликовен вокабулар којшто ни е понуден. Делата се работени во периодот 2012 – 2014 и се чини дека делото "Распетие" од 2012 ја навестува "квадратната" рапсодија којашто се карактеризира со делата "Витрина со мистична природа", "Долапи со бои", "Кибернетски прозори", "Генеричка витрина"... Мал преод кон напуштањето на овој квадратно - правоаголен концепт прави делото "Литургија во сино", четирислојно интегрирани хоризонтални претстави коишто асоцираат на елементи на свет храм во којшто се врши литургија, ставена во рамка во вид на портал, за во делата "Икар" и "Делфин на копнежот" да имаме ослободување од мултиквадратноста иако е задржана псеудорамката како дел од веќе презентиранатa целина. Напуштањето на материјалниот свет како сликарска тема и креација на свој личен сликарски простор којшто е олицетворение на најискрените авторски настојувања личниот сликовно - интуитивен багаж да се растовари на едно визуелно авторско дело без да се калкулира со неговата судбина говори за зрелоста на авторскиот пристап и свесноста за значењето на истото. Со овој циклус на слики, авторскиот идентитет на академската сликарка Марија Величковска се потврдува во смисла на квалитетен исчекор кон освојување на нови авторски простори како и автентично интерпретирање на специфична ликовна поетика која дава перспектива за идни успешни реализации.*

*Роберт Цветковски, историчар на уметноста*



*КИБЕРНЕТСКИ ПРОЗОРИ,*
*масло на платно, 70x63, 2013*

Проектот е финснсиран од
Министерство за култура на Република Македонија

издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" Куманово за издавачот: Сашо Костовски
организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски текст и фотографии: Роберт Цветковски дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
печати: АРТ ПРИНТ СТУДИО - Скопје тираж: 300